прволигаши на својот стадион и со парите од УЕФА ќе го одржат квалитетот. **Ацуле Збрчанец** нема да ја прокоцка долго стекнуваната позиција на ФК *Победа*. ФК *Силекс* нема да е ниту во големата четворка. Лесно може да ја доживее судбината на ФК *Рудар* од Пробиштип или на ФК *Вардарски* од Богданци.



## ВЕНЕЦИЈА, ЉУБОВ МОЈА

„Ви благодарам што со ваквиот настап ме охрабривте докрај да се борам за учество на Биеналето, од што веќе многу одамна се имав откажано". Со оваа реченица уметникот **Искра Димитрова** го заврши своето писмо со кое учествуваше во полемиката во *Форум* во врска со македонското неучество на Биеналето во Венеција. Што од инает, што од фаталната привлечност на Венеција, од 9 до13 јуни Искра Димитрова со проектот "*Прекрасни суштества*", сепак, ќе настапи во Венеција, се разбира неофицијално!

Проектот на Димитрова се содржи во изведба на пренесување на мртовечки ковчег со гондола на релацијата Џардини-Сан Марко-Џардини, а додека тече "процесијата", гондолиерот кажува текст на авторката. Во ковчегот по целата негова внатрешна површина е поставено огледало во кое се одразува небото. Во ова ќе помогнат историчарот на уметноста **Небојша Вилиќ** - кој како скрајум да мудруваше (токму во своите текстови во *Форум*), додека траеше полемиката во врска со скандалот за Венеција - како и културната агенција *Studio Azzurra*.

Небојша Вилиќ во целината на настапот во Венеција ќе учествува со книгата *Неколку бонбончиња за Венеција*, што е, всушност, зборник на текстови за ликовната уметност во Македонија во последните неколку години. *Studio azzura*, освен организацијата и клучните контакти во Венеција (**Енцо ди Мартино**, најпознатиот ликовен критичар во Италија и главниот човек во сенка на Биеналето), ќе промовира пригоден коверт по повод овој настан.

Сè на сè, Искра Димитрова се потрудила да ја задоволи својата суета и да настапи во Венеција, макар и неофицијално. Со тоа на јавноста ѝ покажа дека во овој град, ако не во официјалните павилјони на Биеналето, може да се настапи и независно и тука нема ништо спорно. Но, Искра Димитрова си дозволи да биде толку возгордеана од себеси, за да не стигне да помисли дека може на таа иста јавност да ѝ одржи убава лекција од култура со тоа што, заедно со неа, во Венеција ќе го поканеше и **Петар Хаџи Бошков**, со неговиот алтернативен венециски проект. Но, тоа ќе подразбереше држење лекција во прв ред и на нејзиниот роднина, министерот за култура **Димитар Димитров**, а тоа е веќе премногу за деликатната уметничка душа на Искра.